СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË
MACEDONIAN DENTAL CHAMBER

Бр. **02-1548/1**
**Скопје, 08.08.2025 година**

Врз основа на член 19 став 8 в.в со член 20 став 1 т.1 од Статутот на Стоматолошката комора на Македонија-пречистен текст *(Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 46/2023)*, член 4 став 1 и член 45 од Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и претседател на Стоматолошката комора на Македонија (пречистен текст) бр. 02-830/8 од 12.07.2024 година, Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија на **08.08.2025 година** донесе

**О Д Л У К А**
**за распишување избори за член во РО ТЕТОВО и делегат на Собранието**

**Член 1**

Се распишуваат избори за **член на Регионален одбор Тетово**, за подрачјето на општините: Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце **и делегат** на Собранието на Стоматолошката комора на Македонија.

**Член 2**

Изборите за член на Регионален одбор Тетово, за подрачјето на општините: Тетово, Боговиње, Брвеница, Желино, Јегуновце и Теарце на Стоматолошката комора на Македонија и делегат во Собранието на Комората ќе се спроведат согласно роковник на Централната изборна комисија.

**Член 3**

Изборите од точка 1 на ова Одлука ќе се спроведат согласно Статутот на Стоматолошката комора на Македонија-пречистен текст *(Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 46/2023)* и Правилникот за избор и отповикување на членови во регионалните одбори, делегати на Собранието и Претседател на Стоматолошката комора на Македонија бр. 02-830/8 од 12.07.2024 година и роковник на Централната изборна комисија.

**Член 4**

Со денот на донесување на оваа одлука започнуваат да течат роковите за преземање на соодветните изборни дејствија со цел спроведување на изборите од точка 1 на оваа Одлука.

**Член 5**

Оваа Одлука ќе се објави на web-страната на Комората.

**Член 6**

Оваа Одлука стапува со денот на нејзиното донесување.

СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
**д-р Маријан Денковски**

М.П.

Ул „Балзакова“ бр. 32, Скопје
skm@skm.mk
www.skm.mk